СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 298/2022
Дата 22-02-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Велес се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти за лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи – ПВЦ столарија на КП 1826, КП 1827 и КП 1829, КО Оризари вон град, Општина Велес.**

Предмртниот опфат зафаќа површина од 0,48 ха.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y22512i** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на објекти за лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи – ПВЦ столарија на КП 1826, КП 1827 и КП 1829, КО Оризари вон град, Општина Велес, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на објекти за лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи – ПВЦ столарија на КП 1826, КП 1827 и КП 1829, КО Оризари вон град, Општина Велес, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на објекти за лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи – ПВЦ столарија на КП 1826, КП 1827 и КП 1829, КО Оризари вон град, Општина Велес**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

7. Со издавање на ова Решение престанува да важи издаденото Решение бр. 15-6755/5 од 25.10.2012 год., издадено врз основа на Елаборат бр. Y22512

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Велес**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 40020 од 21.12.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот,


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на објекти за лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи – ПВЦ столарија на КП 1826, КП 1827 и КП 1829, КО Оризари вон град, Општина Велес. Предметниот опфат зафаќа површина од 0,48 ха. За истиот плански опфат предходно се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаични панели, Решение бр. 15 - 6755/5 од 25.10.2012 год. врз основа на Елаборат Y22512, но заради промена на намена се побарани нови Услови за планирање на просторот и со издавање на овие Услови за планирање на просторот ќе престана со важност предходно издадените..

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на објекти за лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи – ПВЦ столарија на КП 1826, КП 1827 и КП 1829, КО Оризари вон град, Општина Велес и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 298/2022 од 17.02.2022 година.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти за лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи – ПВЦ столарија на КП 1826, КП 1827 и КП 1829, КО Оризари вон град, Општина Велес** и одлучи како во диспозитивот.

Упаство за **правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk